| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА** | **Џ1 - Џ1.РОДОВА ЕДНАКВОСТ** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 200.000 | 0,00 |
| | 464 | РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 200.000 | 0,00 |
| | 464990 | ДРУГИ ТРАНСВЕРИ | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 200.000 | 0,00 |

**Лице за контакт**

**Овластено лице(печат и потпис):**

**Име и презиме и тел.број:** **Тони Петров 071 219 572**

**Образец К2**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** КАВАДАРЦИ

**Квартал:** од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година

**Датум на поднесување на извештајот:** 30.04.2026

(ден, месец, година)

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | | 4.896.347 | | 275.763.818 | **275.763.818** | **280.660.165** |
| февруари | | 5.039.311 | | 285.146.738 | **285.146.738** | **290.186.049** |
| март | | 5.499.590 | | 322.077.514 | **322.077.514** | **327.577.104** |
| април | | | | | **0** | **0** |
| мај | | | | | **0** | **0** |
| јуни | | | | | **0** | **0** |
| јули | | | | | **0** | **0** |
| август | | | | | **0** | **0** |
| септември | | | | | **0** | **0** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 2.708.350 |
| 423 | 2.338.027 |
| 424 | 23.559.033 |
| 425 | 1.912.126 |
| 426 | 2.216.773 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | 19.788.320 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 20.828.882 |
| 481 | |
| 482 | 249.944.286 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | 4.281.307 |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **327.577.104** |

**Образложение:**

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број: Тони Петров тел: 071 219 572

Овластено лице (печат и потпис):

______________________________

## Образец К3

## Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

**Општина:** ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Извештаен период :** 01.01.2026 година до 31.03.2026 година
( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот:** 30.04.2026 г.
( ден, месец, година)

### Долг на општината

*( во оригинална валута)*

| Ред ен број | Озна ка на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | МСИП Под Заем бр.05 | Реконструкција на коловоз на улици и булевари во нас.место Кавадарци | Мин. за финансии на РМ | денари | 65.000.000 | | 13 год. | 3 год. | 63.931.920 | да | в | 10.09.2021 | 10.03.2030 | 10.09.2018 | 10.03.2030 | 3.196.596 | 503.850 | 10.03.2026 | 3.196.596 | 503.850 | 05.03.2026 | 0 | 0 | 35.162.556 | 31.965.960 |
| 2 | 02-110-1063/2 | Изградба на градски пазар со подземен паркинг | Комерцијална банка | денари | 118.000.000 | 2,5%. | 12 год. | 2 год. | 117.488.844 | да | б | 20.07.2023 | 20.04.2033 | 26.10.2021 | 20.04.2033 | 2.668.322 | 834.548 | 20.01.2026 | 2.668.322 | 834.548 | 16.01.2026 | 0 | 0 | 91.433.041 | 88.764.719 |

**Забелешки:**

### Долг на ЈП основани од општината

*( во оригинална валута)*

| Ред ен број | Озна ка на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | Водоснабдување фаза 1 чекор 1 | КФВ -Банка | ден | 36.570.114 | 2 | 19 г., | 10 г. | 36.250.219 | да | в | 20.12.2020 | 20.12.2039 | 20.06.2020 | 20.12.2039 | 929.493 | 269.553 | 20.12.2025 | 929.493 | 269.553 | 30.01.2026 | 0 | 0 | 26.955.289 | 26.025.796 | ЈП Комуналец |
| 2 | | Водоснабдување фаза1 чекор 2 | КФВ -Банка | ден | 38.260.936 | 2 | 20 г., | 1 г. | 38.260.936 | да | в | 20.12.2019 | 20.12.2039 | 20.06.2020 | 20.12.2039 | 953.874 | 276.624 | 20.12.2025 | 953.874 | 276.624 | 30.01.2026 | 0 | 0 | 27.632.363 | 26.678.489 | ЈП Комуналец |
| 3 | | Изградба на мини хидро централа | ЦК Банка | ден | 22.000.000 | | | | 19.129.956 | да | а | | | | | 464.575 | 949 | 27.01.2026 | 464.575 | 949 | 27.01.2026 | 0 | 0 | 464.575 | 0 | ЈП Комуналец |
| 4 | | Набавка на опрема | Комерцијална банка ад | ден | 20.000.000 | 4 | 5 г. | 9 мес. | 13.174.000 | да | а | | | | | 999.999 | 191.289 | 20.03.2026 | 999.999 | 191.289 | 20.01 , 20.02 , 16.03.2026 | 0 | 0 | 19.000.001 | 18.000.002 | ЈП Комуналец |
| 5 | | ЛИЗИНГ за набавка на автобуси | Шпаркасе лизинг | ден | 44.733.740 | | 60 мес. | | | да | а | 03.01.2023 | 01.12.2027 | 03.01.2023 | 01.12.2027 | 1.692.755 | 300.792 | 02.03.2026 | 1.692.755 | 300.792 | 30.03.2026 | 0 | 0 | 16.259.818 | 14.567.063 | **ЈП Градски превоз Кавадарци** |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Тони Петров , тел. 071-219-572

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

# *Образложение*

## *на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот за Општина Кавадарци за Први квартал - 2026 година*

*Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година е дименизиониран на износ од 1.781.066.397 денари каде што редовните буџетски приходи се планирани на износ од 924.635.397 денари, приходи од дотации во износ од 765.149.000 денари, приходи од самофинансирачки активности во износ од 63.992.000 денари, приходи од донации во износ од 27.290.000 денар, приходи од кредит износ од 0,00 ден.*

*Врз основа на досегашното извршување на Буџетот изработен е Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за* ***<u>први</u>*** *квартал , врз основа на кое може да го* констатираме *следното:*

## ***<u>А.ПРИХОДИ</u>***

*Остварувањето на вкупните приходи по сите основи за периодот од 01.01.2026-31.03.2026 година е во износ од 281.189.337 денари во однос на планираните 1.781.066.397 денари или изразено во проценти 15,79 %.*

*Остварувањето на* ***<u>редовните буџетски приходи</u>*** *изнесува 89.300.803 денари во однос на планираните 924.635.397 денари, или изразено во проценти изнесува 9,66 %.*

*Остварувањето на* ***<u>приходи од наменски дотации</u>*** *изнесува 180.494.763 денари во однос на планираните 765.149.000 денари, или изразено во проценти изнесува 23,59 %.*

*Остварувањето на* ***<u>приходи од самофинасирачките активности</u>*** *изнесува 7.988.541 денари во однос на планираните 63.992.000 денари, или изразено во проценти изнесува 12,48 %.*

*Остварувањето на* ***<u>приходи од донации</u>*** *изнесува 3.405.230 денари во однос на планираните 27.290.000 денари, или изразено во проценти изнесува 12,48 %.*

*Остварувањето на* ***<u>приходи од кредити</u>*** *изнесува 0,00 денари во однос на планираните 0,00 денари, или изразено во проценти изнесува 0 %.*

*Реализираните приходи по СТРУКТУРА СЕ следните:*

***<u>Група 71 - Даночни приходи</u>*** *реализирани во износ од 53.665.423 денари во однос на планираните 334.199.816 денари, или изразено во проценти 16,06 % реализирано во однос на планираното, односно:*

*- Приходи од данок од доход, од добивка и од капитална добивка се реализирани во износ од 8.735.037 денари во однос на планираните 35.510.000 денари, или изразено во проценти 24,60 % .*

*- Приходите од даноци на имот се реализирани во износ од 12.692.300 денари во однос на планираните 102.600.000 ден. или изразено во проценти 12,37 %.*

- *Приходи од даноци на специфични услуги реализирани во износ од 29.536.946 денари во однос на планираните 155.989.816 денари, или изразено во проценти 18,94 %.*
- *Приходи од такси за користење или дозволи за вршење на дејност реализирани во износ од 2.701.140 денари во однос на планираните 40.100.000 денари, или изразено во проценти 6,74 %.*

***<u>Група 72 - Неданочни приходи</u>*** *се реализирани во износ од 11.673.669 ден во однос на планираните 227.426.672 денари, или изразено во проценти 5,13 %, од кои реализирани буџетски приходи во износ од 3.685.128 денари и самофинансирачки активности приходи во износ од 7.988.541 денари, односно:*

*-Претпиемачки приход и приход од имот реализација во износ од 0.00 ден во однос на планираните 141.384.000 ден или процент на реализација од 0.00%,*
- *Приходи од глоби,судски и административни такси реализација во износ од 323.804 денари во однос на планираните 2.000.000 ден, или изразено во проценти 16,19 %,*
- *Приходи од такси и надоместоци реализација во износ од 8.032.944 денари во однос на планираните 63.831.000 ден, или изразено во проценти 12,58 %.*
- *Приходи од други невладини услуги реализација во износ од 2.000 денари во однос на планираните 0.00 денари,*
- *Други неданочни приходи реализација во износ од 3.314.921 денари во однос на планираните 20.211.000 ден, или изразено во проценти 16,40 %.*

***<u>Група 73 - Капитални приходи</u>*** *реализација во износ од 5.037.653 ден во однос на планираните 52.600.000 ден, изразено во проценти изнесува 9,58 %.*

***<u>Група 74 - Трансфери и донации</u>*** *реализација во износ од 210.812.592 ден во однос на планираните 1.166.839.909 ден , или изразено во проценти изнесува 18,07%, од кои реализирани од редовните буџетски приходи изнесуваат 26.912.599 денари, наменските дотации реализирани 180.494.763 ден и донациите реализација од 3.405.230 ден, односно:*

- *Приходи од трансфери од други ниво на власт реализација во износ од 207.407.362 денари во однос на планираните 1.139.549.909 денари, или изразено во проценти 18,20 % .*
- *Приходи од донации од странство реализација во износ од 3.405.230 денари во однос на планираните 27.290.000 ден,или изразено во проценти 12,48 %.*

***<u>Група 75 - Домашно задолжување</u>*** *реализација во износ од 0.00 ден во однос на планираните 0.00 ден, изразено во проценти изнесува 0 %,*

## ***Б.РАСХОДИ***

*Реализацијата на вкупните расходи на Буџетот на Општина Кавадарци за периодот од 01.01.2026-31.03.2026 година изнесува 263.216.925 денари во однос на планираните годишни расходи во износ од 1.781.066.397 денари изнесува 14,78 %, од кои 86.658.717 денари се реализирани буџетски расходи, 166.301.199 ден се реализирани расходи од наменски дотации, расходи од самофинансирачките активности реализација во износ од 6.958.774 денари, реализација на донациите во износ од 3.298.235 денари и реализација на кредити во износ од 0.00 денари.*

*За подетална анализа во наредниот текст ќе дадеме образложение за извршување на расходите по поодделни ставки, програми и потпрограми:*

### ***Б.1. Извршување по поодделни ставки***

***Група 40 - Плати и надоместоци*** *реализација во износ од 181.854.894 денари во однос на планираните 798.850.000 денари, или изразено во проценти 22,76 %, односно:*

*- Реализирани расходи за Основни плати на вработени во Општинска Администрација и Градоначалник се во износ од 18.905.864 денари во однос на планираните 80.248.000 ден, Реализирани расходи за Основни плати и надоместоци на вработени во образовните, културните институции, детската заштите и противпожарна заштита изнесува 110.843.739 денари во однос на планираните 474.315.000 денари.*

*- Реализирани расходи за Придонеси за социјално осигурување во износ од 50.820.995 денари во однос на планираните 215.246.000 денари, или изразено во проценти 23,61 %, од кои 7.342.335 денари се реализирани од буџетски расходи и 43.478.660 денари се реализирани расходи од наменски дотации.*

*- Реализирани расходи по основ на Надоместоци во износ од 1.284.296 денари во однос на планираните 29.041.000 денари, или изразено во проценти изнесува 4,42 %.*

***Група 41 - Резерви и недефинирани расходи*** *реализирани се во износ од 0.00 денари во однос на планираните 200.000 денари, или процент на реализација од 0,00 %.*

***Група 42 - Стоки и услуги*** *реализација во износ од 35.335.562 денари во однос на планираните 328.598.000 денари,изразено во проценти 10,75% реализирано во однос на планираното, од кои :*

*- Реализирани расходи за Патни и дневни расходи во износ од 2..886.314 ден во однос на планираните 17.383.000 денари или изразено во проценти 16,60 %, од кои 189.739 денари се реализирани од буџетски расходи, 44.840 ден се рализирани од наменски дотации, износ од 93.400 ден реализација од самофинансирачките активности и износ од 2.558.335 ден реализирани донации.*

*- Реализирани расходи за Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 9.086.053 денари во однос на планираните 56.783.000 денари, или изразено во проценти 16,00 % од кои 2.212.724 ден се реализирани од буџетски расходи, 5.218.033 денари се реализирани од наменски дотации, 1.655.296 ден реализација од самофинансирачките активности.*

– Реализирани расходи за Материјали и Ситен инвентар во износ од 3.405.399 денари во однос на планираните 55.858.000 денари, или изразено во проценти 6,10 %, од кои 692.983 денари се реализирани од буџетски расходи, 820.771 денари се реализирани од наменски дотации и износ од 1.891.645 ден реализација од самофинансирачките активности.
– Реализирани расходи за Поправки и тековно одржување во износ од 6.113.439 ден во однос на планираните 88.423.000 денари, или изразено во проценти 6,91 %, од кои 4.337.028 денари се реализирани од буџетски расходи, 1.577.837 денари се реализирани од наменски дотации и износ од 198.574 ден реализација од самофинансирачките активности.
– Реализирани расходи за Договорни услуги во износ од 5.615.785 ден во однос на планираните 58.014.000 ден, или изразено во проценти 9,68 %, од кои 883.104 денари се реализирани од буџетски расходи, 3.561.083 ден се реализирани од наменски дотации, 456.765 ден реализација од самофинансирачките активности и 714.833 ден реализација од донации.
- Реализирани расходи за Други тековни расходи во износ од 976.641 денари во однос на планираните 9.417.000 денари, или изразено во проценти 10,37 %, од кои 78.373 денари се реализирани од буџетски расходи, 441.081 денари се реализирани од наменски дотации, износ од 432.120 ден реализација од самофинансирачките активности и 25.067 ден реализација на донации.
– Реализирани расходи за Привремени вработувања во износ од 7.251.931 денари во однос на планираните 42.720.000 ден, или изразено во проценти 16,98 %, од кои 5.198.747 денари се реализирани од буџетски расходи, 0,00 ден се реализирани од наменски дотации, износ од 2.053.184 ден реализација од самофинансирачките активности и износ од 0.00 ден реализирани донации.

**Група 45 - Каматни плаќања - камата на кредит** реализација во износ од 1.338.398 денари во однос на планираните 5.600.000 денари, или изразено во проценти 23,90 %.

**Група 46 - Субвенции и трансфери** реализација во износ од 22.355.236 денари во однос на планираните 156.635.000 денари, или изразено во проценти 14,27 %, од кои:
- Реализирани расходи за Трансфери за јавни претпријатија во износ од 8.564.450 денари во однос на планираните 38.235.000 денари или изразено во проценти 22,40 %,
- Реализирани расходи за Трансфери до невладини организации во износ од 3.652.500 денари во однос на планираните 42.880.000 денари, или изразено во проценти 8,52 %,
- Реализирани расходи за Разни трансфери во износ од 10.138.286 ден во однос на планираните 75.520.000 денари, или изразено во проценти 13,42 %.

**Група 47 - Социјални бенефиции** реализација во износ од 92.775 ден во однос на планираните 4.800.000 денари, или изразено во проценти 1,93 %.

**Група 48 - Капитални расходи** реализација во износ од 16.375.142 ден во однос на планираните 469.088.397 ден, или изразено во проценти 3,49 %, од кои:

*– Реализирани расходи за Купување на опрема и машини во износ од 1.073.008 денари во однос на планираните 22.949.000 денари, или изразено во проценти 4,68%, од кои реализирани буџетски расходи во износ од 948.250, расходи од наменски дотации износ од 20.000 ден, расходи на самофинансирачките активности во износ од 104.758 ден. расходи од донации износ од 0.00 ден. и реализирани расходи од кредити износ од 0.00 ден.*

*- Реализирани расходи за Други градежни објекти во износ од 14.742.557 денари во однос на планираните 426.319.397 денари, или изразено во проценти 3,46 % односно реализирани буџетски расходи во износ од 14.742.557 ден., расходи од наменски дотации износ од 0.00 ден расходи на самофинансирачките активности во износ од 0.00 ден., реализирани расходи од донации во износ од 0.00 ден. и реализирани расходи од кредити износ од 0.00 ден.*

*– Реализирани расходи за Купување на мебел во износ од 0.00 ден во однос на планирано од 4.360.000 ден или реализација од 0,00 %*

*- Реализирани расходи за Вложувања и нефинансиски средства во износ од 497.820 денари во однос на планираните 15.160.000 ден., или изразено во проценти 3,28 %, од кои реализирани буџетски расходи во износ од 494.620 ден., расходи од наменски дотации износ од 0.00 ден и расход од самофинансирачки активности во износ од 3.200 ден.*

***Група 49 - Отплата на главница*** *реализација во износ од 5.864.918 ден во однос на планираните 17.295.000 ден, или изразено во проценти 33,91 %.*

## Б.2.Реализацијата на трошоците по пооделните програми и потпрограми е следна:

### ПРОГРАМА А0 - Совет на Општина

*– Тековно оперативните расходи се реализирани во износ од 1.061.197 ден во однос на планираните 6.942.000 денари или процент на реализација од 15,29 % денари, од кои Плати и надоместоци во износ од 1.061.197 денари, Стоки и други услуги во износ од 0.00 денари, Субвенции и трансфери во износ од 0.00 ден, Социјални бенифиции во износ од 0.00 ден.*

### ПРОГРАМА А1 – Изборни активности и референдуми

*– Тековно оперативните расходи се реализирани во износ од 676.230 ден во однос на планираните 8.086.000 денари или процент на реализација од 8,36 % денари, од кои Плати и надоместоци во износ од 0.00 денари, Стоки и други услуги во износ од 0.00 денари, Субвенции и трансфери во износ од 676.230 ден, Социјални бенифиции во износ од 0.00 ден.*

### ПРОГРАМА В1 - Детска градинка

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 154.878.000 денари, реализиран износ од 31.883.821 денари или процент на реализација од 20,59 %, од кои за Плати и надоместоци на вработените износ од 25.852.772 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 6.031.049 денари и за Субвенции и трансфери износ од 0.00 денари.*

### ПРОГРАМА ВА – Капитални расходи за детска градинка

*- Капиталните расходи се планирани на износ од 550.000 денари, реализиран износ од 33.958 денари или процент на реализација од 6,17 %, од кои за Купување на опрема и машини износ од 33.958 денари и за Купување на мебел износ од 0.00 денари.*

## ***ПРОГРАМА В3 – Социјална заштита***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 4.930.000 денари, реализиран износ од 92.775 денари или процент на реализација од 1,88 %, од кои за Субвенции и трансфери износ од 0.00 денари и за Социјални бенифиции износ од 92.775 денари.*

## ***ПРОГРАМА Г - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

### ***Потпрограма Г1 - Поддршка на економскиот развој***

*- Тековно оперативните расходи на оваа програма се планирани на ниво од 75.356.000 денари, реализиран износ од 13.712.283 ден или процент на реализација од 18,20 %, од кои реализација на Стоки и други услуги износ од 2.081.857 денари, Каматни плаќања износ од 1.338.398 денари и Субвенции и трансфери е во износ од 10.2292.028 денари.*

### ***Потпрограма Г2 - Потикнување на развојот на туризмот***

*- Тековно оперативните трошоци се планирани на износ од 3.045.000 ден реализација во износ од 251.380 ден или 8,26 % од кои реализирани за набавка на Стоки и услуги износ од 24.760 денари и за Субвенции и Трансфери износ од 226.600 денари.*

### ***Потпрограма ГА - Изградба на комерцијални објекти***

*- Тековно оперативните расходи на оваа програма се планирани на ниво од 17.295.000 денари, реализиран износ од 5.864.918 ден или процент на реализација од 33,91 % од кои реализација за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) е во износ од 0.00 ден, Каматни плаќања износ од 0.00 ден, реализација на Субвенции и трансфери е во износ од 0.00 денари, Отплата на главнина за кратки позајмувања реализација на износ од 2.668.322 денари и Отплата на главнина до други нивоа на власт реализација во износ од 3.196.596 денари.*

*Капиталните расходи се планирани на износ од 95.288.297 ден, реализација во износ од 0.00 ден или процент на реализација од 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Д0 - Градоначалник***

*– Тековно оперативните расходи за оваа програма се реализирани на износ од 884.139 ден во однос на планираните расходи од 4.284.000 ден или процент на реализација од 20,64 % од кои за Плати и надоместоци реализиран е износ од 516.487 денари, Тековната резерва е реализиран во износ од 0.00 денари, Стоки и услуги ( патни трошоци и комуникациски трошоци) во износ од 0,00 денари и Субвенции и трансфери износ од 367.652 денари.*

## ***ПРОГРАМА Е0 - Општинска Администрација***

*– Тековно оперативните расходи се реализирани на износ од 30.168.426 денари во однос на планираните 143.304.000 денари или процент на реализација од 21,05 % од кои за Расходи за Плати и надоместоци реализација од 25.678.656*

*денари, Стоки и други услуги (Патни расходи , комунални услуги, Ситен инвентар и алат, Поправки и тековно одржување, Договорни услуги) во износ од 3.428.574 денари, Субвенции и трансфери во износ од 1.061.196 денари.*

## ***ПРОГРАМА ЕА - Капитални трошоци на општината***

*– Капиталните расходи се реализирани на износ од 753.700 денари во однос на планираните 11.500.000 денари или процент на реализација од 6,55 %.*

## ***ПРОГРАМА Ј - КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ***

### ***Потпрограма Ј0 - Одржување на урбана опрема***

*- Планирани тековно оперативни расходи на ниво од 1.000.000 ден, реализација во износ од 0.00 ден или процент на реализација од 0,00 %.*

### ***Потпрограма Ј3 - Јавно осветлување***

*- Реализација на тековно оперативните расходи на ниво од 6.112.154 денари во однос на планираните 22.500.000 денари или реализација од 27,17 %.*

### ***Потпрограма Ј4 - Јавна чистота***

*- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 25.500.000 ден и истите се реализирани во износ од 2.000.000 ден односно процент од 7,84 %.*

### ***Потпрограма Ј6 - Одржување и заштита на локалните патишта и улици и Регулирање на режимот на сообраќај***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 15.900.000 денари, реализација во износ од 1.757.031 денари или процент на реализација од 11,05 % .*

### ***Потпрограма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило***

*- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 14.500.000 ден, реализација во износ од 0.00 ден или 0,00 %.*

### ***Потпрограма Ј8 - Други комунални услуги***

*- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 6.300.000 ден, реализација во износ од 400.733 ден или 6,36 %.*

### ***Потпрограма ЈА – Изградба на јавно осветлување***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 24.229.752 денари , реализација во износ од 5.607.438 ден или процент од 23,14 %.*

### ***Потпрограма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 1.000.000 денари , реализација во износ од 0.00 денари или процент од 0,00 %.*

### ***Потпрограма ЈД -Изградба и реконструкција на локални патишта***

*- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 145.761.402 денари, реализација од 9.424.289 денари или процент на реализација од 6,47 %.*

### ***Потпрограма ЈИ – Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадните води***

*- Капитални расходи се планирани на износ од 16.655.931 и истите се реализирани во износ од 0.00 денари или процент од 0,00 %.*

***Потпрограма ЈЛ – Други комунални услуги***

*- Капитални расходи се планирани на износ од 2.700.000 денари и истите се реализирани во износ од 0.00 денари или процент од 0,00 %.*

***Потпрограма ЈН – Урбана опрема***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 8.450.000 денари, реализација во износ од 300.000 ден или процент на реализација во износ од 3,55 %.*

***Потпрограма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 1.500.000 денари , реализација во износ од 0.00 денари или процент од 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА К - КУЛТУРА***

***Потпрограма К1 - Библиотекарство***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 11.967.000 денари, реализација во износ од 2.596.205 денари или процент на реализација од 21,69 %, од кои расходи за Плати и надоместоци на вработените реализирани се 2.390.224 денар, Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 205.981 денари и Субвенции и трансфери реализирани 0.00 денари.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0 денари и истите се реализирани во износ од 80.000 денари, реализација од 0.00 денари односно 0,00 %.*

***Потпрограма К2 - Музичка и Сценска- уметничка дејност***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 25.179.000 денари, реализација во износ од 5.077.256 денари или процент на реализација од 20,19 %, од кои расходи за Плати и надоместоци реализирани се во износ од 3.712.728 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 1.364.528 денари и Субвенции и трансфери реализирани се 0.00 ден.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0.00 денари и истите се реализирани во износ од 0.00 ден. или процент од 0,00 %.*

***Потпрограма К3 - Музејска и кинотечна дејност***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 20.185.000 денари, реализација во износ од 4.115.223 денари или процент на реализација од 20,39 % од кои расходи за Плати и надоместоци реализирани се 3.234.461 денари, Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 853.687 денари и Субвенции и трансфери реализација во износ од 27.075 денари.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0.00 денари и истите се реализирани во износ од 0.00 денари или процент од 0,00 %.*

***<u>Потпрограма К4 - Културни манифестации и творештво</u>***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 13.462.000 денари, реализација во износ од 181.116 денари или процент на реализација од 1,35 %.*

***<u>Потпрограма КА – Културни манифестации и творештво</u>***

*- Тековно капитални расходи за оваа програма се планирани на ниво од 1.077.000 денари, реализација во износ од 70.800 денари или процент на реализација од 6,57 %*

## ***ПРОГРАМА Л0 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 40.000.000 денари, реализација во износ од 3.652.500 денари или процент на реализација од 9,13 %.*

## ***ПРОГРАМА ЛА – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (Капитални Расходи)***

*- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 154.326.015 денари, реализација од 0.00 денари или процент на реализација од 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Н – ОБРАЗОВАНИЕ***

***<u>Потпрограма Н1 - Основно образование</u>***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 443.494.000 денари, реализиран износ од 86.747.609 денари или процент на реализација од 19,56 % од кои за Плати и надоместоци реализиран износ од 78.500.834 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 8.164.297 денари и Субвенции и Трансфери износ од 82.478 денари.*

*- Капиталните расходи по оваа програма планирани се на износ од 2.030.000 денари ,и истите се реализирани во износ од 20.000 ден или процент на релаизација од 0,99 %.*

***<u>Потпрограма Н2 - Средно образование</u>***

*- Тековно опертивните расходи се планирани на износ од 201.843.000 денари, реализиран износ од 41.342.143 денари или процент на реализација од 20,48 % од кои за Плати и надоместоци износ од 32.642.891 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 8.608.988 денари. и Субвенции и Трансфери износ од 90.264 денари.*

*- Капиталните расходи по оваа програма планирани се на износ од 0.00 денари со реализација од 0.00 денари или 0,00 %.*

***<u>Потпрограма НА – Капитални расходи за основно образование</u>***

*- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 270.000 денари, реализација во износ од 0.00 денари или процент на реализација од 0,00 %.*

***Потпрограма НБ – Капитални расходи во средно образование***

*- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 3.070.000 денари, реализација во износ од 64.957 денари или процент на реализација од 2,12 %.*

## ***ПРОГРАМА Њ0-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 41.870.000 денари, реализиран износ од 8.264.644 денари или процент на реализација од 19,74 % од кои за Плати и надоместоци износ од 8.264.644 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 0.00 денари.*

## ***ПРОГРАМА ЊА-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (Капитални Расходи)***

*- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 600.000 денари, реализација во износ од 100.000 денари или процент на реализација од 16,67 %.*

## ***ПРОГРАМА Р1- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 2.000.000 денари, и истите се реализирани во износ од 0.00 ден или 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Т1-УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 1.500.000 денари, и истите се реализирани во износ од 0.00 ден или 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Ф – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ***

***Потпрограма Ф1 – Урбанистичко планирање***

*- Планирани тековно оперативни трошоци во износ од 3.500.000 денари, реализација од 0.00 денари или 0,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Џ1 – РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 200.000 денари, и истите се реализирани во износ од 0.00 ден или 0,00 %.*

*Април, 2026*
*Кавадарци*

*Општина Кавадарци*
*Сектор за финансиски прашања*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за формирање на зони со утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за општина Кавадарци и селата во општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за формирање на зони со утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за општина Кавадарци и селата во општина Кавадарци , донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 192/2005, 30/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/25), Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, ... 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.151/21) и согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весникна Република Македонија“ бр.54/12, ... 21/13 и 142/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за формирање на зони со утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за општина Кавадарци и селата во општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формираат зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежното неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за општина Кавадарци и селата во Општина Кавадарци.

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а во зависност од погодностите што недвижноста ги дава, особено во поглед на местоположбата, сообраќајната поврзаност, снабденоста со комунални објекти и инсталации се формираат **11 (единаесет) зони**.

Зоните од став 1 на овој член, ги имаат следните граници:

1. <u>ПРВА ЗОНА 400 бода</u>
   1. Објекти на плоштад Маршал Тито (Собрание на општина, поранешен Хотел Балкан, поранешна стоковна куќа, Седмокатница и други).

   2. Првиот ред објекти кои се на улиците:
      - ул. „Тиквешко Востание“;
      - ул. „Илинденска“;
      - ул. „7-ми Септември“;
      - ул.„Мито Х.Василев Јасмин“ ;
      - ул. „Цано Поп Ристов“,
      - ул. „Пано Мударов“ и
      - од почетокот на ул.„Моша Пијаде“ до спојот со ул. „Гоце Делчев“.

   3. Објекти во опфатот кој е помеѓу улиците:

- ул.„Миле В'чков", ул.„Браќа Хаџи Тефови" до спојот со ул.„Први Мај", ул.„Први Мај" до спој со ул.„7-ми Септември",
- од спој на ул.„Мито Х.Василев Јасмин" со ул. „Гоце Делчев", до спој на ул.„7-ми Септември" со ул.„Блажо Алексов", од спој на ул.„Блажо Алексов" со ул.„Цано Поп Ристов" преку ул.„Пано Мударов" до спој на ул.„Пано Мударов" со ул. „Гоце Делчев".

4. Колективните станбени згради (населба Парк) на ул. „Шишка", ул.„Ристо Миов" и ул.„Дисанска", како и објектите кои се наоѓаат во тој опфат.

5. Објекти во опфатот:
   - од спојот од бул.„Моша Пијаде" и"Западен булевар Војвода Мишо Шкартов", „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов" до спојот со „Северен булевар Методија Андонов Ченто", „Северен булевар Методија Андонов Ченто" до спојот со бул.„Никола Минчев", бул.„Никола Минчев" до спојот со бул.„Моша Пијаде", бул.„Моша Пијаде" до спојот со„Западен булевар Војвода Мишо Шкартов".

6. Објектите кои се наоѓаат во кругот на автобуска станица.

7. Колективните станбени згради и деловни објекти кои се наоѓаат во опфатот помеѓу бул.„Никола Минчев", бул.„Кочо Рацин" и „Северен булевар Методија Андонов Ченто".

Со следните четири подзони:
1. подзона од 390 бода;
2. подзона од 380 бода,
3. подзона од 370 бода и
4. подзона од 360 бода.

**Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште 70 бода**

Со следната подзона:
1. подзона од 65 бода.

## 2. <u>ВТОРА ЗОНА 350 бода</u>

1. Првиот ред објекти на улиците:
- ул. „Страшо Пинџур" од спојот со ул„Слога" до Македонска Пошта Подружница Ваташа.

- од спојот од бул.„Моша Пијаде“ и„Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“ (западна страна) до спојот со „Северен булевар Методија Андонов Ченто“.
- од спојот „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“ со „Северен булевар Методија Андонов Ченто“ до новиот кружен тек (регионален пат Кавадарци-Росоман).
- „Северен булевар Методија Андонов Ченто“ (северна страна) до спојот со ул.„Шишка“.
- „Северен булевар Методија Андонов Ченто“ од спојот со ул.„Орце Николов“ до спојот со ул.„Шишка“.
- бул.„Моша Пијаде“ од спојот со „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“ до спој со ул.„Индустриска“.
- ул.„Шишка“ од спојот со ул.„7-ми Септември“ до спојот со „Северен булевар Методија Андонов Ченто“без колективните станбени згради што се наоѓаат на ул.„Шишка“.

**2.** Објекти во опфатот кој е помеѓу улиците:

- „Северен булевар Методија Андонов Ченто“ од спојот со ул.„Орце Николов“ до спојот со ул.„Шишка“, ул.„Шишка“ до спојот на ул.„7-ми Септември“,ул.„7-ми Септември“ до спојот со ул.„Блажо Алексов“,ул.„Цано Поп Ристов“до спојот со ул.„Илинденска“, ул.„Илинденска“ до спојот со ул.„Охридска“, ул.„Охридска“ до спојот со ул.„Орце Николов“, ул.„Орце Николов“ до спојот со „Северен булевар Методија Андонов Ченто“, без објекти на прв ред на ул.„7-ми Септември“, ул.„Цано Поп Ристов“ и ул.„Илинденска“.
- ул.„Моша Пијаде “ од спојот со „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“, „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“, до спојот на „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“со ул.„8-ми Септември“, ул.„8-ми Септември“ до спојот на ул „Гоце Делчев“, ул.„Гоце Делчев“ до спојот со ул„Моша Пијаде“.
- Од спојот на ул„Моша Пијаде “ со ул.„Гоце Делчев“ до спојот помеѓу ул.„Гоце Делчев“ и „Пано Мударов“ од спојот „Пано Мударов“ и ул. „Илинденска“ до спојот на ул.„Илинденска“ и ул.„Моша Пијаде“ без објекти на прв ред од улиците ул.„Моша Пијаде“, ул.„Илинденска“и ул.„Пано Мударов“ во тој опфат. „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“од спојот на ул.„8-ми Септрември“, до спојот на ул.„Ресавска“, ул.„Ресавска“ до спој на ул.„Тиквешко востание“, ул.„Тиквешко востание“ до спој на ул.„Мито Х.Василев Јасмин“,ул.„Мито Х.Василев Јасмин“ до спој на ул„Гоце Делчев“,ул.„Гоце Делчев“ до спој на „8-ми Септември“„ ул.„8-ми Септември“ до спој на „Западен булевар Војвода

Мишо Шкартов“ без објекти на пред ред на улиците ул.„Тиквешко востание“ и ул.„Мито Х.Василев Јасмин“.
- ул.„Страшо Пинџур“ од спојот со ул.„Тиквешко востание“ до спојот со ул.„Ѓоре Брушански“,ул.„Ѓоре Брушански“ до спојот со „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“, „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“ до спојот со ул.„Ресавска“, ул.„Ресавска“ до спојот со ул.„Тиквешко востание“.

- ул.„Први Мај“ од спојот на ул.„7-ми Септември“ до спој на ул.„Методија Џунов Џикот“, ул.„Методија Џунов Џикот“ до спојот со ул.„Димче Мирчев“, ул.„Димче Мирчев“ до спој со ул.„Страшо Пинџур“, ул.„Страшо Пинџур“ до спој со ул.„Тиквешко востание“, ул.„Тиквешко востание“ до спој со ул.„Миле В’чков“, ул.„Миле В’чков“ до спој со ул.„Браќа Хаџи Тефови“, ул.„Браќа Хаџи Тефови“ до спој со ул.„Први Мај“ и ул.„Први Мај“ до спојот со ул.„7-ми Септември“ без објектите од прв ред од ул.„Тиквешко востание“, ул.„7-ми Септември“ и ул.„Миле В’чков“.
- „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“ од спој со ул.„Ресавска“ до спој со ул.„Наца Пинџурова“, ул.„Наца Пинџурова“до крај на ГУП, ја следи границата на ГУП, до спој со регионален патен правец Кавадарци-Дреново, од регионален патен правец кој влегува во општина Кавадарци со ознака Р1103 (Р107) до „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“.

3. Објекти во населба „Страшо Пинџур“.

4. Објекти во населба „Парк“ и м.в.„Големи Уши“.

5. Објекти во населба „Бел Камен“.

Со следните четири подзони:
- подзона од 340 бода;
- подзона од 330 бода,
- подзона од 320 бода и
- подзона од 310 бода.

**Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште** 60 бода

Со следната подзона:
- со подзона од 55 бода.

# 3. ТРЕТА ЗОНА 300 бода

1. Објекти во опфатот кој е помеѓу улиците:

- ул. „Страшо Пинџур“ од спојот со ул. „Ѓоре Брушански“ до спојот со ул.„Ристо Ѓондев“,ул.„Ристо Ѓондев“до спојот со ул.„Боро Ваташки“,ул.„Боро Ваташки“ до спојот со ул.„4-ти Мај“, ул.„4-ти Мај“ до спојот со ул.„Фуштани“, ја следи границата на ГУП до ул.„Наца Пинџурова“, ул.„Наца Пинџурова“ до спојот со „Западен булевар Војвода Мишо Шкартов“, преку ул.„Бегнишка“ и ул.„Ѓоре Брушански“ до спојот со ул.„Страшо Пинџур“, без прв ред на ул.„Страшо Пинџур“ од спој на ул.„Ѓоре Брушански“ до спој со Македонска Пошта Подружница Ваташа.
- ул.„Страшо Пинџур“ од спојот соул.„Слога“, ул.„Слога“ до спој со мостот „Ристо Ѓондев“, преку крак на ул.„Киро Крстев“ до спој со ул.„12-те Другари“ до границата на ГУП, ја следи границата на ГУП се до Турски гробишта. Од Турски гробишта до спој со ул.„Методи Џунов Џикот“, ул.„Методи Џунов Џикот“ до спој со ул.„Димче Мирчев“, ул.„Димче Мирчев“ преку мостот „Слога“ до спој со ул.„Страшо Пинџур“.

2. Објекти во населба „Рајко Жинзифов“ се до Технички преглед „Здружени возачи Тиквеш“ и ја следи границата на ГУП.

Со следните четири подзони:

- подзона од 290 бода;
- подзона од 280 бода,
- подзона од 270 бода и
- подзона од 260 бода.

**Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште 50 бода**

Со следната подзона:

- со подзона од 45 бода.

## 4. ЧЕТВРТА ЗОНА 250 бода

1. Објекти кои се во опфатот помеѓу улиците:

- Од кракот кој ги поврзува ул.„Методија Џунов Џико“ со ул.„Киро Крстев“ и ул.„12-те Другари“, по граница на ГУП, ја следи границата на ГУПсе до западната страна на ул.„Желковец“, ул.„Желковец“ до ул.„Фуштани“, ул.Фуштани“ до спој со ул.„4-ти Мај“, ул.„4-ти Мај“ до спој со ул.„Страшо Пинџур“ преку мостот „Ристо Ѓондев“ и крак на ул.„Киро Крстев“ до спој со ул.„12-те Другари“ и крак кој спојува со ул.„Методија Џунов Џико“.

2. Објекти во населба Глишиќ, почнувајќи од Технички преглед „Здружени возачи ТИКВЕШ“.

Со следните подзони:

- подзона од 240 бода;
- подзона од 230 бода,
- подзона од 220 бода и
- подзона од 210 бода.

**Градежно неградено земјиште и градежно изградено земјиште 40 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:

- подзона од 35 бода.

## 5. ПЕТТА ЗОНА 200 бода

1. Објекти кои се наоѓаат во КО ВАТАША, кои се надвор од ГУП, , и ги опфаќа места викани „Моклиште“, „Катуниште“, „Врчвата“, „Градиште“, „Полана“, „Вирот“, „Кременица“, „Коштанот“, „Брдарови Ораи“, „Арловац“, „Григори“, „Канина чешма“, „Валот“, „Смрека“, „Џумајлија“ и други.
2. Објекти кои се надвор од градежен опфат, а гравитираат во непосредна близина на општина Кавадарци, односно КО КАВАДАРЦИ и КО КАВАДАРЦИ ВОНГРАД, за кои нема урбанистичка планска документација.

Со следните подзони:

- подзона од 190 бода;
- подзона од 180 бода,
- подзона од 170 бода и
- подзона од 160 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 24 бода/m$^2$.**

Со следните подзони:

- подзона од 20 бода и
- подзона од 16 бода.

## 6. <u>ШЕСТА ЗОНА 150 бода</u>

1. Објекти во Индустриски зони Кавадарци и Индустриска зона Глишиќ.

Со следниве подзони:

- подзона од 140 бода;
- подзона од 135 бода,
- подзона од 130 бода и
- подзона од 125 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 40 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:

- подзона од 35 бода.

2. Објекти на Тиквешко Езеро и Михајлово.

Со следниве подзони:

- подзона од 140 бода;
- подзона од 135 бода,
- подзона од 130 бода и
- подзона од 125 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 15 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:
- подзона од 12 бода.

## 7. СЕДМА ЗОНА 120 бода

1. Објекти во опфатот на СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ.

Со следните подзони:
- подзона од 115 бода,
- подзона од 110 бода и
- подзона од 105 бода.

**Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиштеи атрактивно земјоделско земјиште 50 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:
- подзона од 45 бода и
- подзона од 40 бода.

2. Објекти во Индустриска зона – ДРЕКСЛМАЈЕР и СЛОГА.

Со следните подзони:
- подзона од 115 бода,
- подзона од 110 бода и
- подзона од 105 бода.

**Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиштеи атрактивно земјоделско земјиште20 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:
- подзона од 15 бода.

8. <u>ОСМА ЗОНА 100 бода</u>

   1. Објекти во селата с.Марена и с.Сопот.

Со следните подзони:

- подзона од 95 бода,
- подзона од 90 бода и
- подзона од 85 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 10 бода/m$^2$.**

Со следните подзони:
подзона од 8 бода и

- подзона од 6 бода.

9. <u>ДЕВЕТТА ЗОНА 80 бода</u>

   1. Објекти во селата с.Возарци, с.Дреново, с.Бојанчиште, с.Бегниште, с.Ресава, с.Раец, с.Рожден, с.Мрежичко, с.Конопиште, с.Чемерско и с.Дабниште.

Со следните подзони:

- подзона од 70 бода;
- подзона од 65 бода и
- подзона од 60 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 5 бода/m$^2$.**

Со следната подзона:

- подзона од 4 бода.

10. <u>ДЕСЕТТА ЗОНА 50 бода</u>

   1. Објекти во селата с.Шивец, с.Фариш, с.Бохула, с.Крњево, с.Бошава с.Гарниково.

Со една подзона:

- подзона од 45 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 3,5 бода/m².**

## 11. ЕДИНАЕСЕТТА ЗОНА 40 бода

1. Објекти во селата с.Кошани, с.Ќесендре, с.Страгово, с.Добротино, с.Драгожел, с.Драдња, с.Радња, с.Клиново, с.Куманичево, с.Праведник, с.Шешково, с.Галиште, с.Грбовец и с.Бунарче.

Со една подзона:

- подзона од 35 бода.

**Градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и атрактивно земјоделско земјиште 2,5 бода/m².**

**Член 2**

При определувањето на пазарната вредност на недвижен имот:

I. **зона одговара на петта (5) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти соисклучок на помошните објекти.**

II. **зона одговара на шеста (6) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

III. **зона одговара на седма (7) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

IV. **зона одговара на осма (8) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објектисо исклучок на помошните објекти.**

V. **зона одговара на деветта (9) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

VI. **зона одговара на десета (10) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошнитеобјекти.**

VII. **зона одговара на единаесетта (11) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

VIII. **зона одговара на дванаесетта (12) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

IX. **зона одговара на тринаесетта (13) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

X. **зона одговара на четиринаесетта (14) зона** утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) **при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните објекти.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

## О Д Л У К А
## за примање донација од Акционерско друштво за осигурување и реосигурување „МАКЕДОНИЈА Скопје- Виена Иншуренс Груп”

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација и тоа:

**- Гарнитура Шах – составен од една масичка и по две клупи – количина 2;**

**- Жардињери за цвеќе Класико – количина 3;**

**- Клупа Руе – количина 2;**

**- Жардињера за цвеќе Квадро – количина 2**, од страна на давателот на донацијата Акционерско друштво за осигурување и реосигурување „МАКЕДОНИЈА Скопје- Виена Иншуренс Груп”, за остварување унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, согласно член 22 ст.1 ал.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/24).

### Член 2

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 68.130,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 3

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2265/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација на беспилотно летало (дрон) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ” КАВАДАРЦИ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за примање донација на беспилотно летало (дрон) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ” КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација на беспилотно летало (дрон) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ” КАВАДАРЦИ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација и тоа **беспилотно летало (дрон) – DJI Mini 4 Pro Drone Fly More Combo (DJI RC 2)**, од страна на давателот на донацијата Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ” КАВАДАРЦИ Кавадарци, наменет за Територијална Против Пожарна Единица Кавадарци, со цел за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици, согласно член 22 ст.1 т.11 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ бр. 05/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/24“).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 79.935,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2265/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација на софтвер “дигитален асистент” од Друштво за производство, трговија и услуги “ТИВИУС” ДООЕЛ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за примање донација на софтвер “дигитален асистент” од Друштво за производство, трговија и услуги “ТИВИУС” ДООЕЛ

Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација на софтвер "дигитален асистент" од Друштво за производство, трговија и услуги "ТИВИУС" ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација и тоа **софтвер "дигитален асистент"**, од страна на давателот на донацијата **Друштво за производство, трговија и услуги "ТИВИУС" ДООЕЛ Кавадарци**, наменет за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес со цел за обезбедување на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината, согласно член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/24).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 0 денари.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2265/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов габерот“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов габерот“ Кавадарци за 2027 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**ООУ „Димката Ангелов габерот“ Кавадарци**
**за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци за 2027 година со арх.бр.04-71/1 од 19.03.2026 година, донесен од Директорот на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2265/20**
**28.04.2026 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов габерот“ Ваташа за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов габерот“ Ваташа за 2027 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**ООУ „Димката Ангелов габерот“ с.Ваташа**
**за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа за 2027 година со арх.бр.01-120/1 од 27.03.2026 година, донесен од Директорот на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2265/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци за 2027 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци**
**за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци за 2027 година со арх.бр.01-61/1 од 08.04.2026 година, донесен од Директорот на ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2265/22** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** | **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци за 2027 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

## О Д Л У К А
## за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи тефов“ Кавадарци за 2027 година

### Член 1

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци за 2027 година со арх.бр.01-242/1 од 26.03.2026 година, донесен од Директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци.

### Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2265/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци за 2027 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци за 2027 година со арх.бр.01-90/1 од 26.03.2026 година, донесен од Директорот на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 2265/24** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **28.04.2026 година** | **Претседател** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2026 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Измена на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2026 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Измена на Годишен План за вработување на**
**СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци**
**за 2026 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измена на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2026 година со арх.бр.01-114/2 од 17.03.2026 година, донесен од Директорот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2265/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2027 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци**
**за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за 2027 година со арх.бр.01-126/1 од 27.03.2026 година, донесен од Директорот на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2265/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на СОУ „Ќиро Спанџов -Брко“ Кавадарци за 2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на СОУ „Ќиро Спанџов -Брко“ Кавадарци за 2027 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...208/24) , член 82 точка 31 и член

132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на**
**СОУ „Ќиро Спанџов -Брко" Кавадарци**
**за 2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на СОУ „Ќиро Спанџов -Брко" Кавадарци за 2027 година со арх.бр.02-192/1 од 09.04.2026 година, донесен од Директорот на СОУ „Ќиро Спанџов -Брко" Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2265/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици , плоштади, мостови и други инфраструктурни на подрачјето на Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици , плоштади, мостови и други инфраструктурни на подрачјето на Општина Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 82 став 1 точка 24 и член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за избор на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици , плоштади, мостови и други инфраструктурни на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се именува Претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кавадарци во состав:

Претседател : Милица Кабранова;
Членови Трајанка Митрева;
Коце Петров;
Горан Белевски;
Викторија Ѓорѓиева Милачевска ;

**Член 2**

Мандатот на членовите на Комисијата трае до истек на мандатот на членовите на Советот.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2265/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на име на улица во град Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за определување на име на улица во град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 4 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ„ бр. 66/04.... 147/15 и Сл.Весник на РСМ„ бр. 224/24 ), Правилникот за содржината, постапката и начинот за водење на електорнска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. Весник на РМ“ бр.152/07) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

# О Д Л У К А
## за определување на име на улица во град Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука се определува име на улица и тоа :

- новопланирана улица лоцирана на КО Кавадарци според ДУП„Опитно Поле 3„ Кавадарци, која се протега од југ спрема север по течението на река Луда Мара од мостот на самата река односно од почетокот на ул„Видое Смилевски„ спрема север до почетокот на ул„ Методи Андонов Ченто„ .Новопланираната улица ја опфаќа улицата бр.5 и улица бр.6 и дел од улиците бр.1, бр.2, бр.3 и бр.4.Нумерирањето на објектите почнува од број 1 и понатаму редоследно се зголемува и ги опфаќа следните УП: 5.3.25, 5.3.26, 5.3.27, 5.3.28, 5.3.30, 5.3.31, 5.3.29, 5.3.19, 5.3.18, 5.3.15, 5.3.33, 5.3.34, 5.2.8, 5.2.17 , 5.2.7 , 5.2.13 и 5.2.1, СЕ ОПРЕДЕЛУВА како улица „ Никола Бадев„.

### Член 2

По донесувањето на Одлуката од Советот на Општина Кавадарци, истата ќе биде доставена до Државниот завод за статистика за доделување на матичен број на новоименуваните улици.

### Член 3

По добивањето на матичните броеви на улиците, Одлуката ќе биде доставена до Централниот регистар на РМ за да се изврши упис на податоците во електронскиот регистар.

### Член 4

Матичниот број што ќе го добие улицата, ќе биде евидентиран во електронската евиденција која што ја води Општината

### Член 5

За извршената промена во електронската евиденција, Општината ќе ги информира граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање на огласната табла во општината или на веб станата на општината.

### Член 6

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“

**Бр.08-2265/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за формирање на оштински Совет за социјална заштита**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за формирање на оштински Совет за социјална заштита, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/30** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 141 и член 142 од Законот за социјална заштта (Сл.весник на РСМ бр.104/19.....192/25) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за формирање на оштински Совет за социјална заштита**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Општински Совет за социјална заштита на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Целта на општинскиот Совет за социјална заштита е изработка на социјален план за подрачјето не Општината.

**Член 3**

Социјалниот план содржи мапирање на социјални проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите на постоечки социјални услуги, потреби за развој на социјални услуги во општината.

**Член 4**

Градоначалникот врз основа на социјалниот план подготвува Годишна програма за социјална заштита која ја усвојува Советот на општината.

**Член 5**

Претставници на општинскиот Совет за социјална заштита се:

1. Елена Манчева - Основно јавно обвинителство Кавадарци-
2. Гордана Ѓорчева Камчева- ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност
3. Сузана Димкова- Меѓуопштински центар за социјална работа
4. Цане Пановски- Здружение на пензионери
5. Катерина Ангелова- ОВР-Кавадарци
6. Валентина Камчева- Агенција за вработување
7. Михајло Михајлов- Здружение на лица со телесен инвалидитет
8. Николчо Делов- Клуб за спорт и рекреација на инвалиди
9. Благојчо Јошев- Здружение на слепи лица
10. Орданче Бошковски- Кавадаречки срца
11. Благица Коцева Тодорова- Здружение за родова еднаквост
12. Александра Бојкова Паризова- Еко Живот
13. Анета Ташева- Општина Кавадарци
14. Марија Камчева- Општина Кавадарци
15. Софија Маркова- Општина Кавадарци
16. Трајанка Митрева- ЈОУГД Рада Поцева
17. Даниела Лазовска- Црвен Крст

**Член 6**

Мандатот на членовите на општинскиот Совет за социјална заштита е четири години.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува на сила 8 (осмиот ден) од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2265/30**
**28.04.2026 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/31** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 39, член 40, член 41 и член 42 од Законот за заштита на права на пациетите („Сл.весник на РМ„ бр.52/08...150/15 и „Сл.весник на РСМ бр.196/19...122/21)член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите (во понатамошниот текст Комисија).

Комисијата е составена од 11 члена.

За членови на Комисијата СЕ ИЗБИРААТ:

1. Дарко Митков (претставник на пациентите-членови на здруженијата на пациенти);
2. Соња Ристевска ( претставник на пациентите-членови на здруженијата на пациенти);
3. Диме Каракулев (претставник на здруженијата што се занимаваат со човечки права и граѓански иницијативи);
4. Роберто Паризов (претставник на здруженијата што се занимаваат со човечки права и граѓански иницијативи);
5. Јоана Коцева (претставник од здружение што се занимава со правата на жените );
6. Михајло Михајлов (претставник за заштита на правата на лицата со попреченост);
7. д-р Гордана Ѓорчева Камчева (лекар од општина Кавадарци);
8. д-р Весна Ризова (лекар од општина Кавадарци);
9. Емилија Василева Ивановска (член делегиран од советот);
10. Трајанка Митрева (член делегиран од советот);
11. Круме Богевски (член делегиран од советот);

**Член 2**

Мандатот на членовите на Комисијата изнесува 2 (две) години, со право на уште еден последователен избор.

**Член 3**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите ги врши следните работи:
- унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
- унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;
-ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
-предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
-соработува со надлежни органи;
-разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
-бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
-води евиденција за поединечните поплаки на пацинтите, како и на мерките преземени за заштитата на правата на пациентите;

-подготвува и поднесува годишен извештај за заштитата на правата на пациентите пред советот на општина Кавадарци;
-издава информации, промотивен и друг материјал со цел унапредување на правата на пациентите и
- врши и други работи пропишани со Законот за заштита на правата на пациентите.

**Член 4**

Членовите на Комисијата при вршењето на работите од член 2 на ова Решение се должни да обезбедат тајност и заштита на податоците, согласно законот.

**Член 5**

Решението да се достави со именуваните и архивата на Општина Кавадарци .

**Член 6**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2265/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор**
**на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Решение за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/32** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 114 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13...198/18 и „Сл.весник на РСМ бр.104/19....132/25), член„ член 82 став 1 точка 29 и член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

### за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци

**Член 1**

Се разрешуваат членовите на Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, именувани со Решение со арх.бр.08-2766/26 од 28.04.2022 година, бр.2515/38 од 29.04.2025 година и бр.08-5641/66 од 14.11.2025 година.

**Член 2**

Претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, СЕ ИМЕНУВААТ:

-Мануела Димова

-Викторија Ангелова

-Емилија Манева

Претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, СЕ ИМЕНУВА :

- Ивана Тасева

Претставник од установата за член во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, СЕ ИМЕНУВА:

- Даниела Китева

Претставници од Совет на родители за членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, СЕ ИМЕНУВААТ:

- Пане Андов;
- Софија Јованова.

**Член 3**

Членовите во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци се именуваат со мандат од 4 години.

**Член 4**

Решението да се достави до именуваните членови, ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2265/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор**

**за контрола над материјално финансово работење на**

**ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Решение за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансово работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 131 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13...198/18 и „Сл.весник на

РСМ бр.104/19....132/25), член 82 став 1 точка 29 и член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор**

**за контрола над материјално финансово работење на**

**ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите на Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансово работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, именувани со Решение 08-2766/27 од 28.04.2022 година.

**Член 2**

За членови Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансово работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци, СЕ ИМЕНУВААТ:

- Јасминка Маркова;
- Љубица Лазиќ;
- Наталија Рамаданова.

**Член 3**

Членовите во Надзорниот Одбор за контрола над материјално финансово работење на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци се именуваат со мандат од 4 години.

**Член 4**

Решението да се достави до именуваните членови, ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2265/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/34** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ” бр.202/24), член 17-г став 5 од Законот за јавни претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр. 38/96....35/19 и „Сл.Весник на РСМ„ бр.275/19, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ” бр 213/24 ), Предлог ранг листа со арх.бр. 08- 1946/20 од 21.04.2026 година од Комисијата за селекција„ член 82 став 1 точка 29, од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Одлука се разрешуваат членовите на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, именувани со Решение бр. 08-08-2127/22. од 31.03.2022година,поради истек на мандат.

**Член 2**

За членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци СЕ ИМЕНУВААТ :

1.Александра Недева;

2. Игор Мицев;

3.Анче Глигорова;

4.Даниела Ивановска;

5.Билјана Лазарова.

**Член 3**

Мандатот на членовите во Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, трае 4 години.

**Член 4**

Одлуката да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци и архива на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2265/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за разрешување и именување на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 28.04.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 2489/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**29.04.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 17-г став 5, член 26 став 4 и член 26-а од Законот за јавни претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр. 38/96....35/19 и „Сл.Весник на РСМ„ бр.275/19, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ" бр 213/24 ), Предлог ранг листа со арх.бр. 08- 1947/11. од 21.042026 година од Комисијата за селекција„ член 82 став 1 точка 29, од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 9-та седница, одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

